# Политика за заштита на животната средина

Идентификационен број ПОЛ.000.011

Во сила од 04.02.2025

РУДНИК ЗА БАКАР БУЧИМ | COPPER MINE BUCIM

# СОДРЖИНА

Изјава за политиката .......................................................... 3
Цели ................................................................................ 3
Подрачје на примена .......................................................... 4
Дополнителни применливи документи ............................ 4
Основен текст .................................................................... 4
Дефиниции ......................................................................... 5
Историјат на промени ....................................................... 5

## Изјава за политиката

Друштвото е посветено на одговорно управување со влијанијата од своето работење врз животната средина и на континуирано подобрување на своите еколошки перформанси.

Во рамките на своите активности, Друштвото се стреми кон спречување на загадување и и намалување на влијанието , рационално користење на природните ресурси, ефикасно користење на водата и енергијата, одговорно управување со отпадот, заштита на биодиверзитетот и екосистемите, како и управување со ризиците поврзани со климатските промени.

Овие определби се спроведуваат преку почитување на применливите законски и други барања, управување со еколошките аспекти и ризици и примена на релевантни меѓународни стандарди и принципи на одржливо и одговорно работење.

## Цели

Основните цели на Политиката за заштита на животната средина се:

обезбедување усогласеност со применливите законски, регулаторни и други преземени обврски од областа на животната средина;

идентификација, проценка и управување со значајните еколошки аспекти и ризици од работењето;

спречување и намалување на загадувањето на воздухот, водата и почвата;

рационално и ефикасно користење на водата, енергијата, минералните и другите природни ресурси;

одговорно управување со отпадот, со приоритет на негово намалување, повторна употреба и соодветно постапување;

заштита на биодиверзитетот, природните живеалишта и екосистемите во подрачјата врз кои Друштвото може да има влијание;

следење и управување со емисиите на стакленички гасови и ризиците поврзани со климатските промени, каде што е применливо;

примена на најдобри достапни техники и добри индустриски практики, каде што се применливи и оправдани;

превенција, подготвеност и соодветно реагирање при еколошки инциденти и вонредни состојби;

рекултивација, санација и обновување на површините погодени од рударските активности, согласно применливите барања и планови;

редовен мониторинг и оценување на релевантните параметри на животната средина;

подигнување на свеста и компетентноста на вработените во однос на нивните обврски за заштита на животната средина;

континуирано подобрување на системот за управување со животната средина и еколошките перформанси.

## Подрачје на примена

Политиката за заштита на животната средина се однесува на сите деловни процеси, на сите вработени во Друштвото, како и на сите деловни партнери и добавувачи.

## Дополнителни применливи документи

Политика за интегриран менаџмент систем (ИМС) ПОЛ.000.004

Применливо национално законодавство и дозволи од областа на животната средина.

Барања согласно ISO Standard 14001 – Систем за управување со животната средина

## Основен текст

За реализација на оваа Политика, раководството и вработените, во рамките на своите надлежности и одговорности, се придржуваат до следните принципи:

систематско идентификување, оценување и управување со еколошките аспекти, влијанија и ризици;

почитување на применливите законски, регулаторни и други барања преземени од Друштвото;

спречување на загадувањето и преземање мерки за намалување и ублажување на негативните влијанија врз животната средина;

мониторинг, мерење, анализа и оценување на еколошките перформанси;

рационално користење на природните ресурси, водата и енергијата;

унапредување на енергетската ефикасност и разгледување можности за користење обновливи извори на енергија, каде што е применливо;

одговорно управување со отпадот во согласност со принципите на хиерархијата на отпад;

заштита на водите, почвата, воздухот, биодиверзитетот и природните живеалишта;

планирање и спроведување мерки за рекултивација и санација на површините погодени од работењето;

подготвеност и навремено реагирање при инциденти и вонредни состојби кои можат да имаат влијание врз животната средина;

воспоставување и одржување соодветни механизми за разгледување и одговор на прашања и обраќања од надлежните институции, локалните заедници и другите заинтересирани страни;

обезбедување соодветна информираност, обука и свест на вработените за нивните одговорности во областа на животната средина;

примена на пристап заснован на ризик при планирање и спроведување на активностите;

утврдување цели и показатели, каде што е применливо, и периодично оценување на напредокот;

континуирано подобрување на системот за управување со животната средина и неговата ефективност.

Раководството е одговорно за обезбедување услови за примена на оваа Политика, а сите вработени се должни да постапуваат согласно нејзините принципи во рамките на своите работни обврски.

Политиката периодично се преиспитува со цел да се обезбеди нејзината соодветност со природата, обемот и влијанијата од работењето на Друштвото.

## Дефиниции

**Еколошки стандарди** претставуваат сет правила, прописи, упатства и принципи насочени кон заштита на животната средина, одржливо користење на природни ресурси и намалување на штетното влијание од човечките активности врз природата.

**Одржлив развој** е концепт на развој што ги задоволува потребите на сегашните генерации без да ги загрозува можностите на идните генерации без да ги загрозува можностите на идните генерации да ги задоволат своите потреби. Тој претставува баланс помеѓу економскиот раст, социјалната благосостојба и заштитата на животната средина.

**Енергетска ефикасност** претставува рационално и оптимално користење на енергијата за постигнување на истото ниво на производствен или животен стандард, но со помала потрошувачка на енергетски ресурси.

**Најдобри достапни техники или BAT (Best Available Techniques)** претставуваат најнапредните и најефикасните технологии, методи или практики што се достапни и економски исплатливи за спречување, намалување или контрола на загадувањето и влијанието врз животната средина.

**Рекултивација** е процес на враќање на деградирани или оштетени површини, како што се рударски копови, одлагалишта, депонии, еродирани земјишта, во состојба што е блиска до нивната природна форма или во функционално корисна состојба.

**Мониторинг во животна средина** вклучува активности за следење и оценка на состојбата на природната средина. Ова опфаќа мерења на нивоа на загадувачи во воздухот како што се PM 2.5, PM 10, CO2, NO3, O3 и други, хемиски и биолошки анализи на вода, проверка на содржина на тешки метали, мерење на бучава и вибрации.

## Историјат на промени

| Дата | Верзија | Опис на промена |
|---|---|---|
| 04.02.2025 | 1.0 | Креирање |
| 12.08.2026 | 2.0 | Дополнување со цели |